# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 10 Април 2018 година Број 6/2018 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |


Образложение за итност

Со ова Одлука се прогласува итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш одржана на 05.04.2018 година поради донесување на повеќе одлуки од итен карактер од повеќе области за проблем и теми од суштинско значење за граѓаните од општина Радовиш.

- Ситуација со специјалистичките услуги во ЈЗУ оппта болница Радовиш како и најавеното заминување на специјалистички кадар. Бараме образложение од одговорните лица во оваа здраствена установа за тоа дали се преземени соодветни чекори да се превенира одливот на специјалистички кадри од нашата општина. Исто така бараме да ни се презентира планот за работа за наредните години посебно во делот на распишување на специјализации.
- Старосната граница на вработените во п.о. на Управата за јавни приходи во Радовиш. Да дискутираме и најдеме соодветно решение за тоа во чија надлежност и дали може нешто да се издејствувува за вработување на нови млади кадри во п.о. Радовиш
- Моменталната состојба во општината поради немањето назначено нотар за општина Радовиш и давање на предлози за тоа како да се најде привремено решение за да им излезиме во пресрет на нашите сограѓани.
- Можноста за повторно отварање на канцеларија на ЕВН во Радовиш. Дискусија дали има веќе напредок во решавањето на овој проблем за граѓаните на општина Радовиш

Бр. 08-608/2 — Совет на општина Радовиш
02 Април 2018 г. — Претседател
Радовиш — Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -623/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.

Бр. 09-623/2 — Градоначалник на
10 Април 2018 г. — Општина Радовиш
Радовиш — Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 55 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 05.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
За прогласување итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш одржана на 05.04.2018 година поради донесување на повеќе одлуки од итен карактер од суштинско значење за гхраѓаните на општина Радовиш.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-623/1 — Совет на општина Радовиш
05 Април 2018 г. — Претседател
Радовиш — Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за состојбата во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш со специјалистичките услуги и најавеното заминување на специјалистичкиот кадар од оваа установа

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за состојбата во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш со специјалистичките услуги и најавеното заминување на специјалистичкиот кадар од оваа установа, бр.08-624/1, што советот на општина Радовиш го донесе на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.

Бр. 09-624/2 Градоначалник на
10 Април 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 15 став 1 т.9 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год. онесе

ЗАКЛУЧОК
за состојбата во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш со специјалистичките услуги и најавеното заминување на специјалистичкиот кадара од оваа установа

I. Координаторите на советничките групи да разговараат со директорот на ЈЗУ „Здравствен дом„ Радовиш за актуелната состојба со специјалистичкиот кадар во општината, од аспект на возрасна граница и намера за напуштање на оваа здравствена установа во догледен период.

Разговорите да бидат во насока:

- Можноста за задржување на специјалистичкиот кадар согласно позитивната законска регулатива;
- Кои ќе се потребите од идни специјалистички услуги и каков е планот за работа за наредните години, а сѐ со цел да се побара од Миниситерството за здравство бараните да бидат одобрени/доделени на ЈЗУ „Здравствен дом„ радовиш.

II. За добиените информации повратно да го информираат Советот на општината .

III.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-624/1 Совет на општина Радовиш
05 Април 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за состојбата со старосната граница на вработените во подрачното одделение во Управата за јавни приходи во Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за состојбата со старосната граница на вработените во подрачното одделение во Управата за јавни приходи во Радовиш, бр.08-625/1, што советот на општина Радовиш го донесе на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.

Бр. 09-625/2 Градоначалник на
10 Април 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.
донесе

ЗАКЛУЧОК
за состојбатаво со старосната граница на вработените во подрачното одделение во Управата за јавни приходи во Радовиш

I. Да се побара Информација од директорот на Управата за јавни приходи во Радовиш и централата во Скопје за тоа кои се размислувањата за вработување и колку вработувања се предвидени во п.о. а УЈП во

Радовиш на млад стручен кадар во наредниот период за општина Радовиш.

Посебно да се нагласи за инспекторите, имајќи во предвид дека старосната структура на овој кадар е повисока , а потребно е време за едукација и стручност за ваков кадар во општина Радовиш.

II. Информациите ги бараме во писмена форма.

III.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-625/1 Совет на општина Радовиш
05 Април 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за моменталната состојба во општина Радовиш поради немање нотар и предлог за привремено решение за овој проблем

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за моменталната состојба во општина Радовиш поради немање нотар и предлог за привремено решениеза овој проблем, бр.08-626/1, што советот на општина Радовиш го донесе на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.

Бр. 09-626/2 Градоначалник на
10 Април 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 13 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.
донесе

ЗАКЛУЧОК
За моменталната состојба во општината поради немање нотар и предлог за привремено решение за овој проблем

I. Се задолжува Претседателот на Советот на општина Радовиш да разговара со назначениот заменик нотар од Струмица, за општините Радовиш и Конче, да доаѓа два дена во неделата во Радовиш со цел граѓаните на општината да не се изложуваат на дополнителни трошоци со патување до Струмица.

Доколку е потребно да се побара согласност и од Министерство за правда во Скопје, за можноста, веќе назначениот заменик нотар од Струмица времено да отвори канцеларија во Радовиш, додека се назначат нотари за Радовиш и Конче.

II. По добиената информација се задолжува претседателот на Советот да достави писмена информација до Советот на општината.

III.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-626/1 Совет на општина Радовиш
05 Април 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за можноста за повторно отварање на канцеларија на ЕВН Македонија во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за можноста за повторно отварање на канцеларија на ЕВН Македонија во општина Радовиш, бр.08-627/1, што советот на општина Радовиш го донесе на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год.

Бр. 09-627/2 Градоначалник на
10 Април 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 13 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на ден 05.04.2018 год. донесе

ЗАКЛУЧОК
за можноста за повторно отварање на канцеларија на ЕВН Македонија во општина Радовиш

I. Се задолжува Претседателот на Советот на општина Радовиш да разговара со Управниот одбор на ЕВН Македонија за можноста повторно да се отвари канцеларија на ЕВН Македонија во општина Радовиш, бидејќи граѓаните на општина Радовиш се изложувани на дополнителни трошоци за добивање на најосновни информации поврзани со работењето на ЕВН И нивните услуги.

II. Исто така да се побара информација за можноста за поставување пункт за полнење на возила на електричен погон и хибридни возила.

III. По добиената информација се задолжува претседателот на Советот да достави писмена информација до Советот на општината.

IV. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-627/1 Совет на општина Радовиш
05 Април 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА:

Образложение за итност ------------------------------ 1
Решение За прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш ------------------- 1
Одлука За прогласување итност на 10-та седница на Советот на општина Радовиш ------- 1
Решение За прогласување и објавување на Заклучокот за состојбата во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш со специјалистичките услуги и најавеното заминување на специјалистичкиот кадар од оваа установа -------------------------------- 2
Заклучок за состојбата во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш со специјалистичките услуги и најавеното заминување на специјалистичкиот кадара од оваа установа ------------------------------ 2
Решение За прогласување и објавување на Заклучокот за состојбата со старосната граница на вработените во подрачното одделение во Управата за јавни приходи во Радовиш --------- 2
Заклучок за состојбатаво со старосната граница на вработените во подрачното одделение во Управата за јавни приходи во Радовиш ----------- 2
Решение За прогласување и објавување на Заклучокот за моменталната состојба во општина Радовиш поради немање нотар и предлог за привремено решение за овој проблем--------------------------------------------------- 3
Заклучок За моменталната состојба во општината поради немање нотар и предлог за привремено решение за овој проблем ---------- 3
Решение За прогласување и објавување на Заклучокот за можноста за повторно отварање на канцеларија на ЕВН Македонија во општина Радовиш ------------------------------------------------ 3
Заклучок за можноста за повторно отварање на канцеларија на ЕВН Македонија во општина Радовиш ------------------------------------------------ 4